**КРАТКО РЕЗИМЕ**
**на Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка за оценување на постоење злоупотребена државна помош (предмет бр. 10-137)**

**1. Опис на помошта**

Предмет на постапката е државна помош доделена од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на Друштво за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор за доделување на државна помош бр. 13-128/1 од 15.01.2016 година и Анекс договор бр. 1 бр. 13-1640/1 од 21.12.2022 година кон Договорот со бр. 13-128/1 од 15.01.2016 година.
Државната помош е одобрена со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-78 од 12.02.2016 година за реализација на инвестициски проект во ТИРЗ „Скопје 1“, под услов корисникот на државната помош да ја одржува инвестицијата за период од најмалку пет години по целосна реализација на инвестицијата што е во согласност со член 6 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/2013) како услов за доделување на регионална помош.

**2. Прелиминарна оцена на Комисијата во однос на карактерот на помошта**

Врз основа на прибраната документација, податоците доставени од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции дека предметната државна помош можеби е користена спротивно на условите под кои е дозволена и доделена.
Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции за можна злоупотребена државна помош во смисла на член 4 став (6) од Законот за контрола на државната помош, согласно кој злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решението со кое се дозволува доделувањето на државната помош.

**3. Причини поради кои постојат сериозни сомневања за постоење злоупотребена државна помош**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше доставено известувањето од страна на Друштвото за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје до давателот на државната помош за оптимизација и затворање на фабриката во Република Северна Македонија заклучно со четвртиот квартал од 2026 година.
Од проследените информации од страна на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони е констатирано дека не е исполнет условот утврден во Решението на

Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-78 од 12.02.2016 година, врз основа на кој е дозволено доделувањето на предметната државна помош.

Врз основа на доставената документација, Комисијата оцени дека постојат сериозни сомневања дека корисникот не ги исполнува условите под кои е дозволена и доделена предметната државна помош, поради што постојат основани индиции за постоење злоупотребена државна помош.

**4. Повик до заинтересираните лица**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги повикува сите заинтересирани лица да достават коментари, забелешки и мислења во писмена форма во врска со предметната постапка.

Коментарите, забелешките и мислењата може да се достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата на адреса:

**ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје** или

по електронски пат на: **kzk@kzk.gov.mk**

во рок од **30 дена од денот на објавувањето на ова кратко резиме** на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Доколку заинтересирано лице побара неговиот идентитет да не биде откриен поради можност од настанување штета, Комисијата нема да го открие неговиот идентитет согласно важечките прописи.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

Скопје, 14 септември 2026 година